# "Ај кју" во трката за најдобар спот на "Ем-Ти-Ви"

Македонскиот бенд "Ај кју" се најде на листата за избор на 100 најдобри спотови во 2012 година на "Ем-Ти-Ви Адрија".

Во конкуренцијата на "Ај кју" се наоѓаат 150 светски реномирани пејачи со своите добропознати хитови, како и ѕвезди од Балканот со спотови од 2012 година. Гласањето ќе трае до 31 декември во 16 часот, кога на музичкиот канал ќе биде емитувано одбројувањето до првото место.

*(М.Џ.)*



*"Ај кју" е единствениот македонски бенд кој оваа година се најде на листата*

# "Златна бубамара" го скрои буџетот за 2013

ПОПУЛАРНОТО ШОУ НА 21 ФЕВРУАРИ

Манифестацијата "Златна бубамара на популарноста" ќе се одржи на 21 февруари следната година, во Универзалната сала во Скопје.

" ´Златна бубамара´ им соопштува на социјалците, пензионерите, политичарите и демонстрантите од позицијата и од опозицијата дека подготовките за 16. издание на ´Златна бубамара на популарноста´ се одвиваат во најдобар ред. Сите заедно сме на вистинскиот пат за исполнување на нашата задача за заедничка среќа, толеранција, насмевки и љубов меѓу луѓето и сличните на нив. Нашиот буџет е скроен и е полн со ставки кои ја прочистуваат мислата, го облагородуваат духот и ги задоволуваат потребите на секој човек, да се чувствува како човек", велат во свој стил од тимот на радиото "Бубамара".

Какво сценарио се подготвува, како и секогаш, останува тајна. *(М.Џ.)*

# Тапанарот на "Кингс оф Леон" доби ќерка



**ТЕНЕСИ (АП) -** Семејството на "Кингс оф Леон" се зголеми. Тапанарот Нејтан Фолоувил и сопругата, кантавторката Џеси Бејлин, добија девојче. Ова е прво дете за двојката и трето на бендот на Фоловил. Портпаролот на Фоловил изјави дека Вајолет Марлоу Фоловил се родила во Нешвил.

Бендот работи на нов материјал за албумот кој се очекува да излезе следната година. Бејлин оваа година го објави својот трет албум "Мала искра" (Little Spark). Двојката е во брак од 2009 година.

*Со сопругата, кантавторката Џеси Бејлин, е во брак од 2009 година*

# Диџеите Зоки Бејбе и Вишко за Нова година во Охрид

Македонските диџеи **Зоки Бејбе** и Вишко ќе ги забавуваат охриѓани за новогодишната ноќ и на први јануари, во познатиот кафе-клуб "Објектиф", на кејот на езерото.



"Ќе ги забавуваме присутните со диско и вокал- хаус две вечери едноподруго. Клубот ´Објектиф´ веќе со години се смета за најпрогресивно место со својата еклектична програма", вели Зоки Бејбе. *(М.Џ.)*

# Скит Скитара со нова песна

Раперот Скит Скитара сними нова песна, со наслов "Будење", чиј автор е тој.

Тој во моментов е активен во студиото на "Токсикологија" и работи на новиот албум, кој треба да се издаде на почетокот од следната година. Во план му се и спотови за песните од новиот албум.

